20191301901

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 15, а во врска со член 54 став 1 точка 8 и член 63-а, 63-б и 63-в од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 јуни 2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат начинот и методологијата за утврдување на цени на ортопедските и други помагала што како основни здравствени услуги за осигурените лица ги обезбедува и надоместува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Член 2

Референтна цена на помагалото е максималниот износ кој Фондот го обезбедува за одредено помагало.

Референтната цена на помагалата се гарантира за сите осигурени лица.

Член 3

Референтната цена на помагалата се одредува со споредбена анализа на цените на помагалата во Република Северна Македонија и во референтните земји утврдени со член 63-в од Законот за здравствено осигурување.

Член 4

Основни критериуми за утврдување на референтни цени на ортопедските и другите помагала се следните:

- Референтната цена со вклучено ДДВ на истовидно ортопедско и друго помагало во референтните земји;
- Референтната цена на истовидно ортопедско и друго помагало во Република Северна Македонија и
- Понудената цена од правното лице кое има договор со Фондот или носителот на Решението за ставање на ортопедското помагало во промет на територијата на Република Северна Македонија.

Член 5

Извори на податоци за утврдување на референтните цени на помагалата се:

- Последните објавени цени на официјалната веб-страна на надлежните органи во референтните земји: Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Србија,

-цените утврдени со Одлука за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија што ја донесува Управниот одбор на Фондот и

- понудената цена од правното лице кое има договор со Фондот или носителот на Решението за ставање на ортопедското помагало во промет на територија на Република Северна Македонија.

Член 6

Референтната цена на ортопедското и друго помагало во референтните земји, се изразува во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на пресметувањето.

Член 7

Како референтна цена на помагалото во референтната земја се зема најниската референтна цена на истовидното помагало во таа земја.

Ако во некоја од референтните земји нема референтна цена за одредено помагало, споредбата се врши со референтните цени од земјите во кои таква цена има.

Во случај кога само во една од референтните земји има референтна цена на ортопедското и друго помагало споредбата се врши со референтната цена од таа земја.

Член 8

Референтната цена на помагалото се утврдува со споредба на:

- најниската цена на истовидното помагало во референтните земји утврдени со Законот за здравственото осигурување,

- референтната цена на истовидно ортопедско и друго помагало во Република Северна Македонија

- понудената цена од правното лице кое има договор со Фондот или носителот на Решението за ставање на ортопедското помагало во промет на територијата на Република Северна Македонија на истовидно ортопедско и друго помагало.

Како референтна цена се утврдува најниската од овие цени.

Член 9

Референтна цена за помагалото за кое по првпат се утврдува референтна цена се добива со споредување на понудената цена во Република Северна Македонија и најниската цена за истовидното помагало во референтните земји.

При тоа, како референтна цена се утврдува пониската од овие две цени.

Член 10

Цена на помагалото за кое не е можно да се определи цена за споредба од референтните земји, се утврдува врз основа на предлог-цена и медицинско – економска студија која треба да ја достави носителот на Решението за ставање на ортопедското помагало во промет на територијата на Република Северна Македонија.

Член 11

Во случај кога референтните цени на помагалата од Списокот на ортопедски и други помагала се повисоки од цените на истовидните помагала на пазарот, Фондот врши преговарање и договарање со правните лица кои што имаат договор со Фондот или носителот на Решението за ставање на ортопедското помагало во промет на територијата на Република Северна Македонија, а со цел добивање на понуда за пониска референтна цена.

Член 12

За утврдување на референтните цени на ортопедските и други помагала директорот на Фондот формира постојана Комисија за утврдување на референтни цени.

Комисијата се состои од најмалку 8 (осум) членови, лица вработени во Фондот од кои едниот е претседател.

Комисијата е самостојна во својата работа и работи врз основа на овој правилник и другите позитивни законски прописи.

Комисијата за својот ангажман добива месечен надоместок.

Член 13

Комисијата за утврдување на референтни цени испраќа до Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија писмен предлог за референтни цени, со дадено образложение.

Референтни цени се предложуваат за одделно помагало според Списокот на ортопедски помагала што е составен дел на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала.

Референтните цени на помагалата со одлука ги утврдува Управниот одбор на Фондот.

Член 14

Референтните цени се усогласуваат најмалку еднаш годишно или врз основа на направена ревизија на цените по претходно добиена пониска понудена цена за истовидно ортопедско или друго помагало.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија" бр.81/2010, 181/2011, 189/2014, 46/2015 и 52/2016).

Бр. 02-8295/29
11 јуни 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.